АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 02-822/1
04. 12 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# С Т А Т У Т
## на Агенцијата за супервизија на осигурувањето

**Пречистен текст**

**Скопје, ноември 2019 година**

Врз основа на член 158-ѕ став 1, точка 5 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19), член 37 став (1) од Статутот на Агенција за супервизија на осигурување бр.0201-238/2 од 24.09.2009 година, Одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за супервизија на осигурување бр.02-21/14 од 05.01.2018 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за супервизија на осигурување бр.02-350/3 од 26.03.2019 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за супервизија на осигурување број 02-770/14 од 07.11.2019 година, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето на седницата одржана на ден 07.11..2019 година, донесе:

**Статутот**
**на Агенцијата за супервизија на осигурување**
**Пречистен текст**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој статут се определува општата поставеност, се утврдува назив, седиште, симбол, печат и штембил и се уредува внатрешната организација, управувањето и раководењето, постапките за донесување на акти, начинот и условите за вработување, како и други прашања од значење за работа на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (во понатамошниот текст: Агенција).

### Член 2

(1) Агенцијата е самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени со закон.

(2) Агенцијата се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување со цел заштита на правата на сопствениците и корисниците на осигурување.

(3) Агенцијата има својство на правно лице.

(4) Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

### Член 3

(1) Агенцијата ги врши следните работи:

- спроведува супервизија на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери, застапниците во осигурувањето и Националното биро за осигурување;

- издава и одзема дозволи, согласности и лиценци врз основа на овој закон и другите закони во нејзина надлежност;

- изрекува мерки на супервизија согласно закон;

- донесува подзаконски акти од областа на осигурувањето;

- дава предлози за донесување на закони од областа на осигурувањето до Министерството за финансии;

- врши надзор над примена на мерките и дејствија утврдени со Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;

- членува во органите на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори и во органите на Европскиот совет на осигурителни супервизори и супервизорски органи на доброволното пензиско осигурување;

- соработува со други надлежни супервизорски институции на финансискиот пазар во Република Северна Македонија;

- го поттикнува развојот на осигурувањето во Република Северна Македонија;

- ја развива свеста на јавноста за улогата на осигурувањето и улогата на супервизијата на осигурувањето; и

- врши други работи согласно закон и овој статут.

(2) Подзаконските акти кои ги донесува Агенцијата се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија.

## II. НАЗИВ, СЕДИШТЕ, СИМБОЛ, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

### Член 4

(1) Називот на Агенцијата гласи: "Агенција за супервизија на осигурување".

(2) Називот на Агенцијата е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, како и на англиски јазик.

(3) Називот на Агенцијата е напишан со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо е напишан прв.

### Член 5

Седиштето на Агенцијата е во Скопје, на булевар "11 Октомври" бр.9.

### Член 6

(1) Симбол на Агенцијата е грб.

(2) Грбот го симболизира предметот на работа на Агенцијата, односно надлежноста на Агенцијата. Во зависност од формата на грбот, околу истиот е испишан називот на Агенцијата.

(3) Ликовно-графичкиот приказ на грбот и неговата употреба се утврдува со посебна одлука.

Член 7

(1) Агенцијата има свој печат и штембил.

(2) Печатот на Агенцијата има форма на круг, со пречник од 32 мм. Во внатрешната страна на печатот во форма на полукруг испишан е следниот текст: "АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ", во средина на печатот стои "грбот на Република Северна Македонија", а под грбот на Република Северна Македонија стои седиштето на Агенцијата СКОПЈЕ. Текстот е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо. На самиот раб на печатот во форма на круг се исцртани две паралелни тенки линии.

(3) Доколку Агенцијата има потреба од повеќе примероци од печатот, тие се истоветни по содржина и големина и секој од нив се обележува со реден број испишан со римски број.

(4) Агенцијата во своето работење користи штембили.

(5) Агенцијата ќе изработи штембили соодветни за потребите на своето работење за што ќе биде донесена одлука за нивна изработка во која ќе се пропише нивната намена, форма, големина и содржина.

(6) Текстот на штембилите е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

(7) Со посебна одлука се пропишува начинот на употреба, чување и поништување на печатот и штембилот.

## III. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 8

Агенцијата се уредува на начин на кој се обезбедува законито, стручно, ефикасно и економично вршење на надлежностите и обврските утврден со закон, сервисна ориентираност кон физичките и правните лица, независност и одговорност при вршењето на работните задачи, унифицираност на организационите единици и нивна приспособливост кон надлежностите и обврските на органот и кон потребите на физичките и правните лица.

Член 9

(1) Орган на Агенцијата е Советот на експерти.

(2) Советот на експерти на Агенцијата е составен од пет члена од кои еден е претседател.

(3) Претседателот на Советот на експерти раководи со Агенцијата и ја застапува во односите со трети лица.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Совет на експерти, со овластување од страна на Советот на експерти со Агенцијата раководи и ја застапува во односите со трети лица еден од професионално ангажираните членови на Совет на експерти со полно работно време во Агенцијата.

(4) Претседателот и четирите членови на Советот на експерти на Агенцијата ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Владата на Република Северна Македонија.

(5) Мандатот на членовите на Советот на експерти е 5 години, со можност за реизбор.

(6) По исклучок од претходната точка на овој член во првиот мандат на конституирање на Советот на експерти претседателот и еден член се именуваат на пет години, два члена се именуваат на четири години, а еден член се именува на три години. Кој од членовите Ќе биде именуван на пет, четири или три години одлучува Собранието на Република Северна Македонија врз основа на предлогот од Владата на Република Северна Македонија.

(7) Членовите на Советот на експерти можат да бидат разрешени од страна на Собранието на Република Северна Македонија и пред истекот на мандатот, само во случај на исполнување на најмалку еден од условите предвидени во членот 12 на овој Статут.

(8) Кога некој член на Советот на експерти ќе престане да ја врши должноста пред истекот на мандатот, на негово место се именува друго лице со мандат до истекот на мандатот на членот на кој му престанува вршењето на должноста.

(9) Претседателот и најмалку двајца членови на Советот кои врз основа на предлогот на Владата на Република Северна Македонија од ставот (4) на овој член ги определува Собранието на Република Северна Македонија, кои се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место, или да добиваат друг надомест освен плата и други додатоци на плата согласно Законот за работни односи и колективниот договор како и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

**Член 10**

(1) За член на Советот на експерти на Агенцијата може да се избере лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;
2) да има завршено високо образование;

3) да е признат експерт во областа на осигурувањето, финансиите или трговското право и да има најмалку 5 години работно искуство во областа на осигурувањето или финансиите;

(2) За член на Советот на експерти на Агенцијата не може да се именува лице:

1) на кое му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

2) на кое му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;

3) кое е функционер кој раководи со државен орган, или орган на државната управа;

4) кое е член на орган на управување, надзорен орган или лице вработено во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво или друго правно лице над кое супервизија спроведува Агенцијата;

5) кое е акционер во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето или друго правно лице над кое супервизија спроведува Агенцијата;

6) кое е член на органи на политичка партија;

7) кое е пратеник или лице кое врши друга должност на која е именуван од Владата или Собранието на Република Северна Македонија;

(3) Претседателот и членовите на Советот на експерти се должни својата работа да ја извршуваат професионално и на начин на кој нема да ја доведуваат во прашање независноста и самостојноста на Агенцијата.

(4) Било каков облик на влијание врз работењето на Советот на експерти кој би можел да влијае врз независноста и самостојноста на Агенцијата е забранет.

(5) Вработените во Агенцијата не смеат да бидат членови на органи на Друшвата за осигурување или други правни лица врз кои Агенцијата врши супервизија и не смеат да вршат поединечни задачи за тие правни лица.

## Член 11

(1) За време на вршењето на својата должност, претседателот и членовите на Советот на експерти кои се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време имаат право на плата, додатоци на плата и други надоместоци согласно Законот за работни односи и колективниот договор.

(2) Вработените во Агенцијата кои вршат административни работи, имаат статус на административни службеници. Начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во Агенцијата се уредува со колективен договор.

(3) Вработените во Агенцијата кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички персонал. Начинот на утврдување на основната плата и на

додатоците на плата на помошно-техничкиот персонал во Агенцијата се уредува согласно општите прописи за работни односи и други акти на Агенцијата.

(4) Членовите на Советот на експерти кои не се професионално ангажирани во Агенцијата имаат право на месечен надоместок од средствата на Агенцијата, во висина од 33,3 % (триесет и три запирка три проценти) од нето платата на претседателот на Советот на експерти без минат труд.

(5) Средствата за плата, додатоци на плата, месечен надоместок и другите надоместоци на претседателот и членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата се обезбедуваат од средствата на Агенцијата утврдени со годишниот финансиски план.

(6) Претседателот, членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата имаат право да вршат стручни и научни работи како и да учествуваат во работата на стручни или научни здруженија.

(7) Претседателот и членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата за време на траењето на нивниот мандат односно работен однос не смеат да примаат никакви надоместоци, или плаќања, да прифаќаат функција, или вработување, или да даваат било какви услуги на субјектите врз кои спроведуваат супервизија како и лицата кои со нив се поврзани согласно овој законот за супервизија на осигурување.

(8) Претседателот на Совет на експерти, професионално ангажираните членови на Советот на експерти со полно работно време во Агенцијата и членовите на Советот на експерти кои не се професионално ангажирани имаат право да бидат упатени на службено патување во земјата и странство. Упатувањето за нив го врши Претседателот на Совет на експерти или еден од професионално ангажираните членови на Советот на експерти со полно работно време во Агенцијата.

**Член 12**

Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Владата на Република Северна Македонија може пред истекот на мандатот за кој е именуван, да разреши член на Советот на експерти или претседателот на Советот ако:

1) самиот го побара тоа;

2) ја загуби работната способност;

3) ја прекрши обврската за заштита на доверливите податоци од член 27 на овој Статут;

4) неоправдано отсуствувал од три седници на Советот последователно или неоправдано отсуствувал вкупно од 5 седници во текот на една година;

5) доколку повеќе не ги исполнува условите од став (2) и (3) од членот 10 на овој Статут.

Член 13

Советот на експерти освен надлежностите утврдени со закон ги има и следните надлежности:

- донесува деловник за работа на седници;
- донесува правилник со кој се утврдува делокругот на работа на организационите единици;
- донесува правилник за систематизација на работните места;
- правилник за плати;
- правилник за дисциплинска одговорност на вработените;
- одлучува за правата на вработените во втор степен;
- донесува етички кодекс за вработените;
- формира комисии за посложени работи кои се во делокругот на работа на Агенцијата;
- донесува годишен план за јавни набавки;
- донесува правилник за деловна тајна; и
- донесува други општи акти со кои се регулира работата на Агенцијата.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АКТИ

Член 14

(1) Советот на експерти работи и одлучува на седници.

(2) Советот на експерти се состанува најмалку двапати месечно.

(3) Советот на експерти може да донесува одлуки од негова надлежност доколку на седницата се присутни мнозинството од неговите членови.

(4) Одлуките на Советот на експерти се донесени доколку за истите гласале мнозинство од присутните членови на седницата, со тоа што претседателот и членовите на Советот на експерти не можат да се воздржат од гласање.

(5) Во случај на отсуство, или спреченост на претседателот на Советот на експерти, претседателот за време на неговото отсуство или спреченост го заменува извршниот член на советот кој е именуван со мандат како и претседателот на Советот на експерти.

Член 15

(1) Претседателот на Советот на експерти ги има следните надлежности:

- организира и обезбедува законско извршување на работите од делокругот на Агенцијата;
- раководи со стручните организациони единици во Агенцијата;

-распишува огласи за потреба од работници, врши избор, склучува договори за вработување и врши распоредување на вработените согласно актот за систематизација на работните места;

-ја организира и раководи работата на Агенцијата, се грижи за стручно усовршување на вработените во Агенцијата;

-издава овластувања и налози на вработените за вршење на супервизија, како и овластувања за извршување на работи кои не спаѓаат во делокругот на супервизијата, а за кои е надлежен со закон и овој статут;

-врши упатување на вработените на службен пат, заради учество на семинари, конференции, обуки и стручно усовршување во земјата и странство;

-одлучува за права кои произлегуваат од работен однос (плати, годишени одмори, платено и неплатено отсуство и сл.)

-склучува договори за закуп на станбен и деловен простор;

-ги донесува сите видови на одлуки од областа на јавните набавки и склучува договори за јавни набавки;

-воспоставува и одржува соработка со супервизорски тела и организации од областа на осигурувањето, како и со супервизорски тела и организации од областа на финансиските и нефинансиските институции;

-извршува и други надлежности за кои е овластен со закон, овој статут и посебни акти на Советот на експерти.

### Член 16

(1) Со организациските единици во Агенцијата, освен претседателот на Советот на експерти раководат и професионално ангажираните членови на Советот на експерти со полно работно време во Агенцијата.

(2) Одлуката за овластување за раководење со организациските единици ја носи Советот на експерти на Агенцијата.

### Член 17

Во Агенцијата заради извршување на редовните работи се формираат стручни организациони единици и тоа: стручни служби, дирекции и самостојни дирекции.

### Член 18

Со правилник за внатрешна организација на Агенцијата детално се уредува делокругот на работа на организационите единици утврдени со член 17 од овој статут.

## V. НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА

Член 19

Постапката за вработување и распоредување на вработените во Агенцијата се врши во согласност со Закон за административни службеници, колективен договор, Законот за работни односи, овој статут, Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата и други акти донесени од страна на Советот на експерти со кои се регулираат правата од работен однос.

Член 20

(1) Против одлуката на претседателот на Советот на експерти со која се одлучува за избор на кандидат за вработување, како и за одлуки за правата на вработените од работен однос може да се поднесе приговор до Советот на експерти, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

(2) Советот на експерти одлучува по приговорот од став 1 на овој член во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

(3) Одлуката на Советот е конечна.

(4) Доколку Советот на експерти не донел одлука, или одлуката е негативна кандидатот за вработување, или вработениот може да бара судска заштита.

Член 21

(1) Професионално ангажираните членовите на Советот на експерти имаат право по истекот на мандатот за кој се именувани да поднесат барање за вработување и да бидат вработени во Агенцијата.

(2) Барањето за вработување од став 1 на овој член се поднесува 30 дена пред истекот на мандатот.

(3) Професионално ангажираните членовите на Советот на експерти кои ќе го искористат правото од став 1 на овој член се распоредуваат на работни места согласно актот за систематизација на работните места во Агенцијата.

## VI.. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 22

Вработените во Агенцијата ги остваруваат своите права и обврски во согласност со Закон за административни службеници, колективен договор, Законот за работни односи, Статутот на Агенцијата и другите општи акти на Агенцијата.

Член 23

(1) Вработените во Агенцијата се должни работите да ги вршат совесно, стручно, уредно и навремено согласно Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата.

(2) Вработените се должни да ја вршат својата работа непристрасно, без влијание од личен финансиски интерес, да не ги злоупотребуваат дадените овластувања и да го штитат угледот и интересите на Агенцијата.

(3) Работењето на вработените во Агенцијата се заснова врз принципите на: стручност, професионалност, транспарентност и одговорност за работењето и постигнатите резултати.

## VII.. НАЧИН НА РАБОТАТА

Член 24

Работата на Агенцијата е јавна.

Член 25

(1) Агенцијата своите одлуки и другите акти како и податоците кои се јавно достапни согласно Законот, ги објавува на својата веб-страница, на огласната табла на Агенцијата, во средствата за јавно информирање или во "Службениот весник на Република Северна Македонија".

(2) Копија од јавно-достапните документи за кои Агенцијата води евиденција во базата на податоци согласно Законот, може да се подигне со плаќање на реалните трошоци што со одлука ќе ги утврди Советот.

Член 26

Агенцијата соработува со претставниците на организациите на корисниците на електронските комуникациски услуги, преку организирање на јавни состаноци за кои благовремено ќе бидат информирани и на кои ќе им се даде можност за размена на ставови и мислења и други облици на соработка.

## VIII. ЗАШТИТА НА ДОВЕРЛИВИ ПОДАТОЦИ - ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 27

(1) Членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата се обврзани да ги чуваат како доверливи податоците кои се однесуваат на субјектите врз кои Агенцијата врши супервизија и другите податоци поврзани со фактите и околностите што ги дознале во текот на извршувањето на својата работа, со исклучок на податоците кои, според одредбите на закон за супервизија на осигурување, се јавни.

Обврската за заштита на доверливи податоци постои и по истекот на нивната функција, или вработување.

(2) Податоците добиени во текот на работењето во Агенцијата, може да им бидат обелоденети само на:

1) вработените на Агенцијата и членовите на Советот на експерти заради извршување на нивните службени обврски;

2) други органи надлежни за супервизија на финансиските институции во Република Северна Македонија, под услов Меморандумот за разбирање да овозможува обелоденување на таквите податоци;

3) органи и институции за спроведување на законите;

4) надлежен суд;

5) осигурителни супервизори од други земји согласно меморандумите за разбирање, или меѓународните договори.

(3) Заради заштита на доверливи податоци во работењето со лица во странство се применуваат посебни мерки.

(4) Работниците кои работат со документи и податоците што се прогласени за доверливи должни се:

- да ги чуваат на безбедно место;
- да не даваат било какви изјави во врска со истите;и
- да не ги даваат на увид или користење, без посебно овластување.

## Член 28

(1) Повредата на должноста за чување деловна тајна претставува повреда на работната обврска.

(2) Не се смета за повреда на чување на деловна тајна ако податоците и исправите што се сметаат за деловна тајна се соопштуваат, односно им се даваат на увид на лица, или органи кои истите може, или мора да им се соопштат врз основа на пропис, или дадено овластување од страна на овластено лице.

(3) Работникот што врши соопштување во смисла на став 2 од овој член е должен присутните да ги предупреди дека се работи за деловна тајна.

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА

## Член 29

(1) Работењето на Агенцијата согласно со овој закон, се финансира од надоместоци што Агенцијата ги наплатува од друштвата за осигурување, осигурително

брокерските дриштва, друштвата за застапување во осигурувањето и другите лица врз кои супервизија спроведува Агенцијата, вклучувајќи ги следниве:

1) годишен надоместок за спроведување супервизија на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурувањето во износ најмногу до 0,8% од вкупната годишна бруто премија на друштвата за осигурување односно вкупниот годишен приход од провизии на осигурително брокерските друштва и друштва за застапување во осигурувањето;

2) надоместоци за давање на дозволи за вршење на работи на осигурување и други дозволи од член 31 од законот за супервизија на осигурување;

3) надоместоци за давање на дозволи за вршење на осигурителни брокерски работи и работи на застапување во осигурувањето;

4) надоместоци за давање на лиценци за осигурителен брокер и застапник во осигурувањето;

5) надоместоци за давање на дозволи за вршење на работи на овластен актуар;

6) надоместоци за давање на согласности од член 66 од законот за супервизија на осигурување;

7) надоместоци за изречени мерки на супервизија;

8) донации, заеми и друга финансиска и техничка помош.

(2) Агенцијата донесува Тарифник со кој се утврдуваат содржината и висината на надоместоците и давачките од став (1) на овој член. Тарифникот се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија.

**Член 30**

(1) Средствата на Агенцијата се водат на сметка кај носител на платен промет во Република Северна Македонија.

(2) Агенцијата може да има повеќе од една денарска и девизна сметка, а согласно Законот за платен промет.

**Член 31**

(1) Агенцијата води деловни книги во согласност со прописите за сметководство за непрофитни организации во Република Северна Македонија.

(2) За уредно и ажурно водење на деловните книги одговорен е Претседателот на советот на експерти и професионално ангажираниот член на Советот на експерти кој ја покрива организационата единица во која се водат деловните книги на Агенцијата.

**IX. I. Резервен фонд на Агенција**

Член 32

Доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата оствари вишок приходи над остварените трошоци, остварениот вишок на средства се распределува во резервен фонд на Агенцијата во износ определен со финансискиот план на Агенцијата.

**IX. II. Покривање на загуба**

Член 33

Доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата направи повеќе трошоци во однос на остварените приходи, недостигот на средства се надоместува од Резервниот фонд на Агенцијата.

**IX. III. Финансиски извештаи и финансиски план на Агенцијата**

Член 34

(1) Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Северна Македонија финансиски извештаи за претходната година подготвени согласно меѓународните стандарди за финансиско известување и ревидирани од овластен ревизор.

2) Советот на експерти е должен најдоцна до 31 декември во тековната година да достави до Собранието на Република Северна Македонија финансиски план за наредната година.

(3) Пред донесување на финансискиот план работењето на Агенцијата согласно овој закон се финансира согласно одлука за привремено финансирање која ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Советот на експерти.

(5) Собранието на Република Северна Македонија ги усвојува финансиските извештаи за претходната година и финансискиот план.

**IX. IV. Извештај за состојбата на пазарот на осигурување**

Член 35

(1) Агенцијата подготвува Годишен извештај за состојбата и движењата на пазарот на осигурување и ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член мора да содржи податоци за обемот на извршените работи на осигурување по класи на осигурување.

(3) Агенцијата е должна да го поднесе извештајот од ставот (1) на овој член до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната деловна година.

(4) Агенцијата во рок од 15 дена од денот на усвојување на Извештајот од ставот (1) на овој член, истиот го објавува на својата веб страница.

**IX. V. Годишен извештај**

**Член 36**

1) Агенцијата подготвува годишен извештај за своето работење и го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

(2) Извештајот од ставот (1) од овој член мора да содржи податоци за изречените мерки на супервизија што ги презема Агенцијата во согласност со извршените постапки за супервизија, дадените и одземените дозволи за вршење на работи на осигурување и други дозволи и согласности дадени од Агенцијата, како и податоци за соработката на Агенцијата со други домашни и странски супервизорски органи.

(3) Агенцијата е должна да го поднесе извештајот од ставот (1) од овој член до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година.

(4) Агенцијата во рок од 15 дена од денот на усвојување на извештајот од ставот (1) на овој член, истиот го објавува на својата веб страница.

## X. ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ И ДРУГИ ОПШТИ АКТИ

**Член 37**

(1) Овој статут се менува со одлука за измена на статутот во постапка иста како и за донесување на статутот.

(2) Предлог за измени на статутот на Агенцијата може да предложи секој член на советот на експерти. Предлог измената на статутот мора да биде образложена.

(3) Иницијатива за измена на статутот може да поднесе секој вработен во Агенцијата. Иницијативата за измена на статутот со соодветно образложение се доставува до Претседателот на советот на експерти.

**Член 38**

(1) Други прашања кои што се од значење за Агенцијата, а не се уредени со овој статут, можат да се уредат, во согласност со закон и овој статут со други акти на Советот на експерти, како што се правилник, деловник, одлука и други.

(2) Другите општи акти на Агенцијата влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако со општиот акт не е поинаку определено.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

(1) Агенцијата се запишува во регистарот на други правни лица кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(2) Пријавата за запишување до Централниот регистар на Република Северна Македонија ја поднесува Претседателот на советот на експерти.

**Член 40**

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување.

**СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

____________________